**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-202/7**
**Скопје, 06.06.2006 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЛИПКОВО**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот за локални патишта Липково за 2004 година, кои се прикажани на страните од 3 до 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Фондот за локални патишта на Општина Липково за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Весели Фејзи – В.Д. Директор за периодот од 01.01.2004 година до 15.09.2004 година, и
- Арифи Рамадани- Директор на Фондот од 15.09.2004 година до 31.12.2004 година .

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 13.03. до 17.03.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова, помошник на ГДР и овластен државен ревизор
- Катица Николовска, виш ревизор
- Катерина Чаловска-Алексовска, ревизор и
- Стојан Николовски, помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

______________________

финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Фондот за локални патишта во 2004 година нема никакви активности во делот на неговите надлежности утврдени со Статутот. Преку сметката на фондот за локални патишта не се прибираат никакви приходи, активноста на истиот е сведена на исплата на плата на вработените во Фондот. Активностите во делот на изградбата на локалните улици и патишта се врши преку Фондот за комунало уредување, и средствата од Фондот за регионални и магистрални патишта се реализираат преку Фондот за комунално уредување од кои во износ од 2.831 илјада денари се ненаменски потрошени. Не постојат реални причини за постоење на Фондот за локални патишта.
**Препорака:**
Ревизијата не дава препорака по овој наод од причина што Фондот за локални патишта со состојба на 30.06.2005 година е укинат.

11. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точка 10.1., финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Фондот за локални патишта на општина Липково под 31 Декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точка 10.1. кај Фондот за локални патишта на Општина Липково не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

**Скопје, 19.05. 2006 година** **Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**ФОНД ЗА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА „ВИЈАДУКТ“- ЛИПКОВО**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | | 927 | 1,014 |
| **Вкупно приходи** | | **927** | **1,014** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | | 916 | 987 |
| Стоки и услуги | | 11 | 9 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **927** | **996** |
| **Вкупно расходи** | | **927** | **996** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **0** | **18** |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

**ФОНД ЗА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА „ВИЈАДУКТ“- ЛИПКОВО**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | 0 | 18 |
| **Вкупно тековни средства** | | **0** | **18** |
| **Вкупна актива** | | **0** | **18** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | | 0 | 18 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **0** | **18** |
| **Вкупна пасива** | | **0** | **18** |